РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА

# УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ

Во согласност со член 108, став 4 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013 и 41/2014), Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, со седиште на булевар „Партизански одреди“ број 99, 1.000 Скопје, објавува

# К О Н К У Р С

**за запишување студенти на прв циклус универзитетски додипломски студии и втор циклус универзитетски (магистерски) студии на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, во академската 2014/2015 година на македонски и англиски јазик**

1. **Факултет за туризам**
   диплома прв циклус: дипломиран менаџер по туризам
   диплома втор циклус: магистер по туризмолошки науки

2. **Економски факултет**
   диплома прв циклус: дипломиран економист
   диплома втор циклус: магистер по економски науки

3. **Факултет за односи со јавноста**
   диплома прв циклус: дипломиран менаџер по односи со јавноста
   диплома втор циклус: магистер по односи со јавноста

4. **Факултет за маркетинг**
   диплома прв циклус: дипломиран менаџер по меѓународен маркетинг менаџмент
   диплома втор циклус: магистер по меѓународен маркетинг менаџмент

5. **Факултет за менаџмент**
   диплома прв циклус: дипломиран менаџер по претприемаштво
   диплома втор циклус: магистер по претприемништво

6. **Факултет за менаџмент на човечки ресурси**
   диплома прв циклус: дипломиран менаџер по човечки ресурси
   диплома втор циклус: магистер по менаџмент на човечки ресурси

7. **Факултет за спортски туризам**
   диплома прв циклус: дипломиран менаџер по спортски туризам
   диплома втор циклус: магистер по спортски туризам

Магистерските студии од вториот циклус се од научното подрачје 5.00 општествени науки, поле 5.03 економски науки, 5.04 кинезиологија, 5.06 организациони науки и управување (менџмент ), 5.07 политички науки и 5.14. туризам и угостителство од Класификацијата на научни подрачја, полиња и области (дисциплини).

***I. Број на студенти***

На Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, во прва година на прв циклус универзитетски додипломски студии, за горенаведените студиски програми, со времетраење од три години (шест семестри), во академската 2014/2015 година ќе се запишат 460 редовни и 460 вонредни студенти.

***II. Услови и критериуми за запишување***

***а) На прв циклус универзитетски додипломски студии***

II.а.1. Услов за запишување на прв циклус универзитетски додипломски студии, за лицата кои ќе матурираат во учебната 2013/2014 година, е положена државна, училишна или меѓународна матура.

Услов за запишување на прв циклус универзитетски додипломски студии е завршено четиригодишно средно образование, во средни училишта верифицирани со акт на Министерството за образование и наука на РМ.

Право на запишување на прв циклус универзитетски додипломски студии имаат и кандидати државјани на РМ кои средно образование завршиле во странство, како и странски државјани, под истите услови како и државјаните на РМ.

II.а.2. На прв циклус универзитетски додипломски студии на Универзитетот можат да се запишат и кандидати што имаат завршено високо или више образование на сродни факултети и виши школи. Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до 20% од вкупниот број редовни студенти на Универзитетот утврден во овој Конкурс.

II.а.3. Кандидатите се запишуваат како редовни, вонредни, или како студенти на далечинско студирање, со самофинансирање на студиите, во износ утврден со одлука на Ректорската управа на Универзитетот.

***Универзитетот доделува вкупно 100 стипендии (на кандидатите кои во текот на своето школување, 1-4 година, постигнале континуиран одличен успех). Овие кандидати ќе студираат на Универзитетот под исти услови како на државните универзитети.***

II.а.4. Кандидатите се запишуваат без полагање приемен испит.

II.а.5.Основен критериум за селекција и рангирање на кандидатите за запишување на прв циклус универзитетски додипломски студии за лицата кои ќе матурираат во учебната 2013/2014 година е успехот постигнат во средното образование и државната матура, односно училишната матура или завршниот испит, а за лицата кои завршиле средно образование во учебната 2006/2007 година и порано е успехот постигнат во средното образование.

Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени. Кандидатите може да освојат најмногу 100 поени, и тоа:

- Општиот успех постигнат по сите предмети учествува со 60%,
- Успехот од државната матура, односно училишната матура или завршниот испит учествува со 40%.

II.а.6. Вреднувањето на успехот од средното образование и државната матура се врши според утврдени критериуми во Правилникот за условите и критериумите за запишување на прв циклус универзитетски додипломски студии на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

***б) На втор циклус универзитетски магистерски студии***

II.б.1. Право на конкурирање за запишување на вториот циклус (магистерски) студии имаат кандидати (државјани на РМ и странски државјани) што ги исполнуваат следните општи услови:

- Да имаат завршено прв циклус универзитетски студии, во траење од четири години на акредитирани универзитети, односно факултети во Република Македонија или во странство и освоени 240 ЕКТС;

- Да имаат завршено прв циклус универзитетски студии, во траење од три години на соодветни или сродни додипломски студии, на акредитирани универзитети, односно факултети во Република Македонија или во странство и освоени 180 ЕКТС .
- Познавање на најмалку еден светски јазик (се докажува со документ од соодветна образовна установа).

II.б.2. Кандидатите се запишуваат како редовни, вонреди или како студенти на учење на далечина со самофинансирање на студиите во износ определен со одлука на Ректорската управа на Универзитетот.

***III. Рокови за пријавување и запишување***

***а) Прв циклус додипломски универзитетски студии***

Пријавувањето на кандидатите ќе се врши од:

- објавувањето на конкурсот до 30 август 2014 година, за првиот уписен рок,
- 01.09.2014 година до 12.09.2014 година, за вториот уписен рок,
- 15.09.2014 година до 01.10.2014 година, за третиот уписен рок.

Објавувањето на резултатите за кандидатите кои ги исполнуваат условите за запишување ќе се изврши на:

- 01 09. 2014 година, за првиот уписен рок,
- 15.09.2014 година, за вториот уписен рок и
- 01.10.2014 година за третиот уписен рок.

Доколку бројот на студенти пропишани во овој Конкурс не се пополни во горе утврдениот рок, Универзитетот ќе објави дополнителни уписни рокови, за што заинтересираните кандидати навреме ќе бидат информирани.

***б) Втор циклус универзитетски магистерски студии***

Пријавувањето на кандидатите ќе се врши од објавувањето на конкурсот до 14.11.2014 година. Објавувањето на резултатите за примени кандидати 15.11.2014 год.

***IV. Документи за пријавување и запишување***

При пријавувањето за запишување кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

1. пријавен лист за запишување (го добиваат на Универзитетот);
2. оригинални свидетелства од сите класови (за прв циклус студии);
3. соодветни документи за завршена државна матура, училишна матура или завршен испит (за прв циклус студии);
4. диплома, додаток на диплома или уверение за положени испити, како и документ за познавање на еден од светските јазици (за втор циклус студии);
5. извод од матичната книга на родените (за државјани на РМ) и
6. доказ за државјанство на РМ (уверение или решение), односно нотарски заверена копија од пасош за странски државјани.

Кандидатите кои конкурираат за запишување како вонредни студенти, освен горенаведените документи, поднесуваат и договор за вработување или лекарско уверение.

Странските државјани треба да извршат нострификација на документите за стекнато средно, односно високо образование во Министерството за образование и наука на РМ или да достават доказ дека поднеле документи за нострификација.

Забелешка: Бидејќи пријавувањето се врши со оригинални документи, пожелно е кандидатите претходно да направат препис од документите за свои потреби.

При запишувањето, примените кандидати поднесуваат:

1. четири фотографии (2-6x9 см. и 2-3x4 см.);
2. доказ за уплатени средства за студирање.

Пријавувањето може да се изврши и по електронски пат.

Документите за пријавување се поднесуваат во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, со седиште на булевар „Партизански одреди“ број 99, 1.000 Скопје, односно во објектите на дисперзираните студии на Универзитетот.

Подетални информации заинтересираните кандидати можат да добијат на **www.utms.edu.mk**, **e-mail contact@utms.edu.mk** или на тел. **02 30 93 209, 02 30 93 212** и **02 30 93 215**.